Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
## одржана на 4 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2025 година

- Усвојување на Записникот од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2025 година

1. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и четврта одлука)

2. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и деветта одлука)

3. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 15 јануари 2025 година до 21 јануари 2025 година

4. Информација за давање на согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” п.о. – Скопје за 2025 година, со Предлог – одлука

5. Информација за состојбата со побарувања дефинирани со член 16 од Законот за здравствената заштита (програми), кои јавните здравствени установи ги имаат фактурирано до Министерството за здравство и висината на ненаплатените побарувања

6. Годишен план за работа за 2025 година на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи

7. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје)

8. Ценовник за висината на цената за снабдување со сурова вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица"-Кичево, со прилози и Предлог-одлука

9. Полугодишен извештај за работа на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2024 година

10. Информација за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица", со превозно средство–чамец без мотор во Св. Наум, со предлог-одлуки

11. Информација со предлог за отпуштање на долг до 5.000 денари кај кредитната линија од компензационите фондови и кај Ковид 2 кредитната линија

12. Информација на Државниот архив на Република Северна Македонија за потребата од итна санација на кровот на објектот на Кеј Димитар Влахов бр.19 Скопје, во кој се сместени Државниот архив на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија

13. Барање на согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крива Паланка, со Предлог - листа

14. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Крива Паланка (КП бр. 2321/1, КО Крива Паланка, запишан во Имотен лист бр. 2468)

15. Предлог - одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Крива Паланка (КП бр. 2321/1, КО Крива Паланка, запишани во Имотен лист бр. 2468)

16. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.654, КО Гази Баба, КП бр.1814)

17. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.47333, КО Гази Баба, КП.бр.1814)

18. Предлог - одлука за предавање на недвижност – градежно земјиште во владение на Град Скопје

19. Предлог – одлука за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на Комунална супраструктура (подземен паркинг)

20. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Хем-Алијанс ДООЕЛ Неготино, со седиште на ул.Населено место без уличен систем Пепелиште, Неготино, со прилози и Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Заштитното трговско друштво „Унипласт БК“ ДОО с.Мороишта, Струга, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.163, КО Враништа-вонград, КП бр.1143/1-дел)

22. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Заштитно трговско друштво „Унипласт БК“ ДОО с.Мороишта, Струга, со Предлог - одлука (Имотен лист бр.163, КО Враништа - вонград, КП бр.1143/1-дел)

23. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ангел Трповски, ул.„Борис Трајковски“ бр.37, Градско, со Предлог – одлука

24. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Иле Илиевски, ул.„Скопска“ бр.132, Свети Николе, со Предлог – одлука

25. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марија Голубовиќ, ул.Партизанска бр.42, Росоман, со Предлог – одлука

26. Информација за стапување во функција на новите системи на Европската унија за управување со надворешните граници: Системот за влез/излез ЕЕС (EES - Entry/Exit System) и Европскиот систем за информации и одобрување за патување ЕТИАС (ETIAS - European Travel Information and Authorisation System), со прилог - Барање на Макам – Транс

27. Информација во врска со донесена одлука на арбитражниот трибунал во полза на Република Северна Македонија во арбитражниот предмет број PCA 2019-09 помеѓу тужителот Блажо Тасев (наследен од Гоце Тасев) против Република Северна Македонија како тужена страна (завршена постапка)

28. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница

29. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен песок на локалитетот „Љубош“ Маркова Река, Општина Студеничани

30. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Криве Ниве“, Општина Старо Нагоричане

31. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Долно Поле“, с.Прибачево, Општина Кочани

32. Предлог - одлука за еднostran раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „с.Уларци“, Општина Чешиново-Облешево и Општина Карбинци

33. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца

34. Предлог-одлука за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти

35. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

36. Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

37. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026)

38. Предлог - програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2025 година

39. Предлог - програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2025 година

40. Информација за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2025-2027 година, со усогласен текст на План за соработка

41. Информација во врска со воведување на нов семејно-ориентиран систем за рана интервенција во детството (РИД) за деца од 0 до 6 години со доцнење во развојот и/или попреченост

42. Извештај за завршени преговори помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија, со усогласен текст на Договор

43. Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (режиски трошоци)

44. Предлог - одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци)

45. Предлог - одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци)

46. Предлог - одлука за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“-Куманово (режиски трошоци)

47. Предлог - одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка (режиски трошоци)

48. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П.Тољати“

49. Кадровски прашања

50. Прашања и предлози

51. Информација за Годишниот финансиски план за 2025 година и Годишната програма за работа за 2025 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје

52. Предлог – лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за коцкање и обложување „МА Гаминг“ ДООЕЛ Скопје, со седиште во подружница Автомат клуб СПА Скопје на ул.„Народен Фронт“ бр.19/1-18 Центар, Скопје

53. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Република Словенија во областа на реформа на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум

54. Информација во врска со спроведено оценување на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното Мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите 2024

55. Барање за склучување на Анекс бр.10 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S., како референтен оператор, со текст на Анекс бр.10 на Договорот

*
*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2025 година и Записникот од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2025 година

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и четврта одлука).

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и деветта одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку предлагачот редакциски го усогласи текстот на Предлог - одлуката со Секретаријатот за законодавство, а Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности доставаат позитивни мислења по истата.

## Точка 3

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 15 јануари 2025 година до 21 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. – Скопје за 2025 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. – Скопје за 2025 година.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со побарувања дефинирани со член 16 од Законот за здравствената заштита (програми), кои јавните здравствени установи ги имаат фактурирано до Министерството за здравство и висината на ненаплатените побарувања, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да изработи детална анализа на предвидените финансиски средства, фактурираните износи од јавните здравствени установи, исплатите од Министерството за здравство и да го утврди точниот износ на доспеаните обврски по програми кон јавните здравствени установи и врз база на анализата да утврди потреба од ревидирање на финансиските средства за секоја програма и во рок од три месеци за истото да ја информира Владата.

## Точка 6

Владата го разгледа и усвои Годишниот план за работа за 2025 година на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје).

## Точка 8

Владата го разгледа Ценовникот за висината на цената за снабдување со сурова вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица”-Кичево, со прилози и Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовник за висината на цената за снабдување со сурова вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица”-Кичево.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево да направи анализа во работењето со новиот ценовник и потоа во рок од шест месеци до Владата да достави информација за истото, како и да ги засили мерките и активностите за наплата на побарувањата.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје (подружница РЕК „Осломеј“) да подготви и во рок од шест месеци до Владата да достави Информација со симулација и анализа согласно влијанието на новото покачување на цената на суровата вода од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица”-Кичево во нивното работење.

Истовремено, Министерството за финансии укажува дека со зголемувањето на висината на цената за снабдување со сурова вода, ќе се зголемат и трошоците на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, што дополнително ќе влијае на нивната финансиска состојба.

## Точка 9

Владата го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работа на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2024 година.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица“, со превозно средство–чамец без мотор во Св. Наум, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе следните одлуки:

1. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр.08-281/1 од 11.6.2024 година).

2. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-282/1 од 11.6.2024 година).

3. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-283/1 од 11.6.2024 година).

4. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-284/1 од 11.6.2024 година).

5. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-285/1 од 11.06.2024 година).

6. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-287/1 од 11.6.2024 година).

7. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-288/1 од 11.06.2024 година).

8. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-289/1 од 11.6.2024 година).

9. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-290/1 од 11.6.2024 година).

10. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-291/1 од 11.6.2024 година).

11. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-292/1 од 11.6.2024 година).

12. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-293/1 од 11.6.2024 година).

13. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-294/1 од 11.6.2024 година).

14. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-295/1 од 11.6.2024 година).

15. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-299/1 од 11.6.2024 година).

16. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-300/2 од 11.6.2024 година).

17. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-301/2 од 11.6.2024 година).

18. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-302/2 од 11.6.2024 година).

19. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитно подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-303/2 од 11.6.2024 година).

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за отпуштање на долг до 5.000 денари кај кредитната линија од компензационите фондови и кај Ковид 2 кредитната линија, ја усвои и ја овласти м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи анекс кон Договорот за пренесување на надлежноста за управување и располагање со средствата од компензационите фондови од странска помош и компензационите фондови од друга странска помош.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата на Државниот архив на Република Северна Македонија за потребата од итна санација на кровот на објектот на Кеј Димитар Влахов бр. 19 Скопје, во кој се сместени Државниот архив на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна

Македонија да ја разгледа можноста за преземање мерки и активности за санација на кровот на објектот на Кеј Димитар Влахов бр. 19 Скопје, во кој се сместени Државниот архив на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија и Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија, со првична финансиска проценка за тоа колку средства ќе бидат потребни за санацијата и за истото да подготви информација и во рок од 30 дена да ја достави до Владата.

**Точка 13**

Владата го разгледа Барањето на согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крива Паланка, со Предлог - листа и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Крива Паланка (КП бр. 2321/1, КО Крива Паланка, запишан во Имотен лист бр. 2468).

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Крива Паланка (КП бр. 2321/1, КО Крива Паланка, запишани во Имотен лист бр. 2468).

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.654, КО Гази Баба, КП бр.1814).

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.47333, КО Гази Баба, КП.бр.1814).

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност – градежно земјиште во владение на Град Скопје.

## Точка 19

Владата повторно ја разгледа Предлог – одлуката за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на Комунална супраструктура (подземен паркинг) и на предлог на Александар Николоски, заменик на претседател на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, ги донесе следните заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Чаир целокупната документација во врска со проектот да ја достави до Министерството за транспорт.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да направи ревизија на проектот.

3. Се задолжува Министерството за транспорт во рок од 10 дена до Владата да достави Информација со финансиска конструкција во врска со реализацијата на овој проект.

*
*     *

Одлуката за финансирање на Проект за реализирање на ДУП за дел од контакт зона „Мавровка“ на споменичка целина „Стара скопска чаршија“ со намена на градба на Комунална супраструктура (подземен паркинг), нема да се реализира.

*
*     *

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Хем-Алијанс ДООЕЛ Неготино, со седиште на ул.Населено место без уличен систем Пепелиште, Неготино, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Заштитното трговско друштво „Унипласт БК“ ДОО с.Мороишта, Струга, со Предлог-одлука (Имотен лист бр.163, КО Враништа-вонград, КП бр.1143/1-дел), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Заштитно трговско друштво „Унипласт БК“ ДОО с.Мороишта, Струга, со Предлог - одлука (Имотен лист бр.163, КО Враништа - вонград, КП бр.1143/1-дел), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ангел Трповски, ул.„Борис Трајковски“ бр.37, Градско, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Иле Илиевски, ул.„Скопска“ бр.132, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Марија Голубовиќ, ул.Партизанска бр.42, Росоман, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за стапување во функција на новите системи на Европската унија за управување со надворешните граници: Системот за влез/излез ЕЕС (EES - Entry/Exit System) и Европскиот систем за информации и одобрување за патување ЕТИАС (ETIAS - European Travel Information and Authorisation System), со прилог - Барање на Макам – Транс и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт, да стапи во контакт по дипломатски пат, преку Мисијата на Северна Македонија при Европската Унија во Брисел, со надлежните служби во Европската комисија, со цел испитување на можноста за изземање на одредени категории на превозници од обврските на системот за влез/излез ЕЕС, согласно Барањето на Макам – Транс.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт, да преземе соодветни активности во насока на информирање и лобирање за можноста за изземање на одредени категории на превозници од обврските на Системот за влез/излез ЕЕС, вклучително и преку соодветна комуникација со Транспортната заедница со седиште во Белград.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и Министерството за внатрешни работи да преземат соодветни активности за информирање, подготовка и запознавање на јавноста и економските оператори за практичните аспекти на функционирање на двата системи.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја информира Владата за резултатите од спроведените активности околу можноста за изземање на одредени категории на превозници од обврските на системот за влез/излез ЕЕС, согласно Барањето на Макам – Транс.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесена одлука на арбитражниот трибунал во полза на Република Северна Македонија во арбитражниот предмет број PCA 2019-09 помеѓу тужителот Блажо Тасев (наследен од Гоце Тасев) против Република Северна Македонија како тужена страна (завршена постапка) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави податоци за буџетска сметка и инструкции за плаќање, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и до Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори за уплата на средствата кои се досудени како трошоци во постапката во вкупен износ од 2.140.295,40 ЕУР.

2. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори да ги преземе потребните активности во врска со наплата на досудените трошоци во овој арбитражен предмет.

3. Се потврдува и одобрува доспената фактура за плаќање од адвокатската куќа Ашруст во износ од 42,323.93 ЕУР за периодот август 2023 година, за наведениот арбитражен предмет.

4. Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да го потпише налогот за исплата на фактурата број 320013955 во износ од 42,323.93 ЕУР за периодот август 2023 година, за наведениот арбитражен предмет.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Јакимоско Поле“, Општина Виница.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен песок на локалитетот „Љубош“ Маркова Река, Општина Студеничани.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Криве Ниве“, Општина Старо Нагоричане.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Долно Поле“, с.Прибачево, Општина Кочани.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „с.Уларци“, Општина Чешиново-Облешево и Општина Карбинци.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Врбјани“, Општина Дебарца.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

## Точка 36

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 37

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026).

## Точка 38

Владата ја донесе Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2025 година.

## Точка 39

Владата ја донесе Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2025 година.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2025-2027 година, со усогласен текст на План за соработка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2025-2027 година.

2. Се овластува д-р Арбен Таравари, министер за здравство, да го потпише Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Бугарија за периодот 2025-2027 година.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата во врска со воведување на нов семејно-ориентиран систем за рана интервенција во детството (РИД) за деца од 0 до 6 години со доцнење во развојот и/или попреченост, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство, во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за образование и наука да подготви и потпише Меморандум за соработка за имплементација на семејно - ориентиран систем за рана интервенција во детството, во рок од една недела.

## Точка 42

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и го усвои Извештајот со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија.

2. Го определи Зоран Љутков, министер за култура и туризам, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Соединетите Американски Држави и Владата на Република Северна Македонија во врска со наметнувањето ограничувања за увоз на категории археолошки и етнолошки материјали од Северна Македонија.

## Точка 43

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (режиски трошоци).

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци).

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес.

## Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“-Куманово (режиски трошоци).

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка (режиски трошоци).

## Точка 48

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4595, за КО Сингелиќ - 1, на КП бр.4568/2 и КП бр.4568/3, викано место/улица „П.Тољати“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 49

1. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кои се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државна фитосанитарна лабораторија.

2. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Инспекторат за локална самоуправа.

3. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на главен ревизор и заменик на главниот ревизор на Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

4. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Казнено поправна установа Затвор Тетово.

5. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Управа за финансиска полиција.

6. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас на веб - страницата на Владата, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на капетан на Капетанијата на пристаништата.

7. Владата го разреши Слободан Близнаковски од должноста директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија Скопје.

8. Владата го именува Горан Ангелов за директор на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија Скопје и исторевено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го отповика Есад Рахиќ од должноста управител на Нафтовод ДООЕЛ Скопје, поради истек на мандатот.

10. Владата го избра Радован Милосовски за управител на Нафтовод ДООЕЛ Скопје.

11. Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, ги разреши:

а) од претседател:
- Дрита Ризвани,

б) од членови
- Наталија Кижевска,
- Фљорета Хасани,
- Билјана Бутлевска и
- Петар Миноски.

11.1 Владата за претседател и членови на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, ги именува:

а) за претседател:
- Рајне Велиновска Лазаревска од Министерството за образование и наука,

б) за членови:
- Метуш Чајлани од Министерството за образование и наука,
- Кристина Кочова од Министерството за финансии,

- Владимир Стојанов од Министерството за финансии и
- Флутра Ахмеди Калиси од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

12. Владата од должноста секретар на Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно – разузнавачката заедница ја разреши Анастазија Јованоска.

13. Владата ја именува Илинка Бучева за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица.

14. Владата ја разреши Даниела Концалова од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, на нејзино барање.

15. Владата ја разреши Ќамиле Асани од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница Кичево.

15.1 Владата го именува Зуфер Сефери за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница Кичево.

16. Владата ја разреши Марија Јаневска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Кичево.

16.1 Владата го именува Блерим Чупи за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Кичево.

17. Владата го разреши Шефки Леши од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Гостивар.

17.1 Владата го именува Бесник Селмани за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Гостивар.

18. Владата го разреши Ујкан Идризи од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница „Ферид Мурад“ – Гостивар.

18.1 Владата го именува Садри Оломани за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница „Ферид Мурад“ – Гостивар.

19. Владата го разреши Ментор Хамзиу од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово.

19.1 Владата го именува Исмет Ферати за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово.

20. Владата ја разреши Сузана Субашиќ од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје.

20.1 Владата го именува Африм Сулејмани за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје.

21. Владата ја разреши Елизабета Софрониевска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје.

21.1 Владата го именува Агим Салаи за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје.

22. Владата го разреши Илир Шурлани од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје.

22.1 Владата ја именува Иљаса Весели за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје.

23. Владата го разреши Арлинд Сејдини од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло – Скопје.

23.1 Владата ја именува Љуљета Красники Билали за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло – Скопје.

24. Владата ја разреши Вјолца Алии од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско – емисиона томографија на Република Северна Македонија – Скопје.

24.1 Владата го именува Бурханетин Рамадани за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско – емисиона томографија на Република Северна Македонија – Скопје.

25. Владата го разреши Сабит Шабани од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација - Скопје.

25.1 Владата го именува Назми Рахмани за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација - Скопје.

26. Владата го именува Ирфан Ахмети за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје.

27. Владата го разреши Адмир Мемети од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Липково“ – Липково.

28. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања – Скопје ги разреши:

- Ирфан Ахмети и
- Енес Јашари.

28.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања – Скопје ги именува:

- Рејхан Исмаили Исени и
- Нермин Куртиши.

## Точка 50

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за потребата од процена на вредноста на недвижни ствари сопственост на Република Северна Македонија за издавање под закуп од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во рок од 8 дена да подготви и да достави до Бирото за процена барање за процена на недвижни ствари за давање под закуп.

2) Се задолжува Бирото за процена да изврши проценка на вредноста на недвижните ствари за кои Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија има потреба да се проценат заради спроведување на постапка за давање под закуп, во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за изготвување на предметните проценки.

**2.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да го поддржи и потпомогне учеството на амбасадорот д-р Срѓан Керим на годишните состаноци на Советот на претседатели на Генералното собрание на Обединетите нации.

2) Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги покрие трошоците за учество (превоз и сместување) на амбасадорот д-р Срѓан Керим на годишните состаноци на Советот на претседатели на Генералното собрание на Обединетите нации, најмногу до три пати во текот на една календарска година.

3) Се задолжува амбасадорот д-р Срѓан Керим да доставува извештај до Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од седум дена по завршувањето на состаноците на Советот на претседатели на Генералното собрание на Обединетите нации.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија и ја усвои со следните заклучоци:

1) Го усвои дополнувањето на Информацијата за реализирани активности за учество на Република Северна Македонија на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи, Јапонија.

2) Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на свој трошок преку договорен субјект да организира и реализира авионски транспорт, најдоцна до 14.2.2025 година, вклучително и извозни царински формалности за пратката при излез од Република Северна Македонија, локални шпедитерски увозни царински формалности во Осака, Јапонија, како и локално преземање со камионски транспорт на пратката од аеродромот во Осака до магацинот на ЕКСПО 2025, Осака, Кансаи.

3) Како промотери во рамки на македонскиот павилјон од страна на Министерството за култура и туризам се номинираат Александар Кочев (за период од март до јуни 2025 година) и Ивона Тодорова (за период од јули до октомври 2025 година).

**4.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за изменување на заклучоци донесени по Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“ Општина Василево и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево, поради потребата истата да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**5.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за внатрешни работи за постапување по заклучоците од Триесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година и Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**6.** Владата по Барањето за измена на Заклучокот број 2 од Точка 31, од Нацрт – записникот од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2025 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, до компанијата Кранфилд Фаундри ДООЕЛ Скопје да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка и договорна казна во вкупен износ од 131.806.278,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати, согласно следната динамика:

-Прва уплата во износ од 100.000 евра и достава на банкарска гаранција во вредност еднаква на целокупната примена финансиска поддршка и договорната казна во вкупен износ од 131.806.278,00 денари, најдоцна до 15.2.2025 година.

-Поврат на останатиот дел од средствата почнувајќи од 1.7.2025 година на 30 еднакви месечни рати заклучно со 31.12.2027 година, со грејс период од шест месеци.“

**7.** Владата го разгледа Барањето од Асоцијацијата на здруженија на работодавачите на превозните трговски друштва на Република Македонија Макам-Транс, за измена и допрецизирање на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, го прифати Барањето и ги задолжи државните секретари на Министерството за транспорт, Министерството за финансии и Министерството за економија и труд да одржат заеднички состанок и во рок од 14 дена да достават соодветен предлог за изменување на Уредбата.

**Точка 51**

Владата ги разгледа Информацијата за Годишниот финансиски план за 2025 година и Годишната програма за работа за 2025 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за коцкање и обложување „МА гаминг“ ДООЕЛ Скопје, со седиште во подружница Автомат клуб СПА Скопје на ул.„Народен Фронт“ бр.19/1-18 Центар, Скопје, за наредната седница на Владата.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Република Словенија во областа на реформа на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Република Словенија во областа на реформа на јавната администрација.

2. Се овластува Горан Минчев, министер за јавна администрација, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Република Северна Македонија и Министерството за јавна администрација на Република Словенија во областа на реформа на јавната администрација.

**Точка 54**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата во врска со спроведено оценување на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното Мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите 2024.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето за склучување на Анекс бр.10 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S., како референтен оператор, со текст на Анекс бр.10 на Договорот и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс бр.10 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S., како референтен оператор.

2. Го овласти Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да го потпише Анексот бр.10 на Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент и ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ Хавалиманлари Холдинг A.S., како референтен оператор, во име на Владата на Република Северна Македонија.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |